04

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
Бр. 04- 1834/10 21-07-2026

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24), генералниот секретар на Агенцијата за администрација, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на еден (1) извршител кандидат за административен службеник по пат на Интерен оглас број 01/2026 за пополнување на работно место со унапредување

1. За извршител на **работно место Советник за нормативно-правни работи, Одделение за нормативно-правни работи и соработка со институциите во јавниот сектор во Сектор за правни работи,** во Агенцијата за администрација се избира кандидатот **Ана Куч.**
2. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од точка 1 на оваа одлука, по конечноста на истата, за што Агенцијата ќе донесе посебно решение за унапредување и распоредување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас формирана со Решение број 04-1834/5 од 16.07.2026 година, ја спроведе постапката за селекција за унапредување на административен службеник за извршување на работните задачи од точка 1 на оваа одлука, а по интерниот оглас број 01/2026 за унапредување на административен службеник објавен на 16.07.2026 година на интернет – страната на Агенцијата за администрација, на ден 21.07.2026 година спроведе административна селекција и интервју за наведеното работно место.

По спроведената административна селекција, интервју и извршеното бодување, Комисијата изготви Записник од административна селекција број 04-1834/8 од 21.07.2026 година и Записник од спроведеното интервју со финална ранг – листа на кандидати од двете фази на селекција и предлог – одлука за вработување број 04- 1834/9 од 21.07.2026 година.

Врз основа на финалната ранг – листа на кандидати од двете фази на селекција и предлог – одлуката за вработување, генералниот секретар на Агенцијата за администрација донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку Агенцијата за администрација до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР,
АНДРИЈАНА ЈАНКУЛОВСКА АНГЕЛОВСКА

Изработил: м-р Анета Димовска
Контролирал: Неда Даниловска

Доставено до:
-Избраниот кандидат;
-Сектор за правни работи;
-Одделение за управување со човечки ресурси; и
-Архива.